РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-2000/5
19-11-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на десетата седница одржана на ден 08.11.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-2000/1 од 19.07.2024 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот со број 08-2000/1 од 19.07.2024 година.

Предметот со број 08-2000/1 од 19.07.2024 година да се архивира.

Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот број 08-2000/1 од 19.07.2024 година е оформен по сопствена иницијатива. Државната комисија за спречување на корупцијата, од увидот во својата евиденција, констатира дека на ______________________ на ден 27.05.2024 година и престанала функцијата пратеник во Собранието на Република Северна Македонија и дека во законски предвидениот рок по престанок на функцијата, не поднела изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

ДКСК на ____________________ и издаде прекршочен платен налог број 08-2000/3 од 08.08.2024 година, за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Од страна на именуваната е постапено по издадениот прекршочен платен налог, односно платена е половина од изречената глоба во истиот.
Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение